# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2007 – 2014
# ВО ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

Подготвена од
Комисијата за образование
при Општина Теарце
со помош на тимот на ПЛУУМ

Одобрена од
Советот на општина Теарце

**СОДРЖИНА**


1 ВОВЕД ....................................................................................................3

2 ПРАВНА РАМКА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА ТЕАРЦЕ..............................................................................................3

3 МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ФОРМУЛИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ТЕАРЦЕ................................................................................5

3.1 Дополнителни информации...............................................................6

4 СОСТОЈБА СО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ТЕАРЦЕ ....................................11

4.1 Училишна мрежа..................................................................................11

4.2 Карактеристики на наставниците......................................................24

4.3 Училишни објекти ..............................................................................28

4.4 Буџет за образование ..........................................................................33

4.5 Превоз и греење ...................................................................................37

5 SWOT Анализа .........................................................................................41

6 МОНИТОРИНГ ..........................................................................................42

7 СТРАТЕШКА ЦЕЛ И СТРАТЕШКИ ЗАДАЧИ.........................................43

7.1 Оперативни задачи, активности и буџет............................................44

8 ПРИЛОЗИ ...................................................................................................54

8.1 Прилог 1 Пример на прашањата што беа поставени на состаноците со засегнатите страни.........................................................................................54

8.2 Прилог 2 Примери за идеите и мислењата на засегнатите страни ...........55

# 1 ВОВЕД

Со пренесувањето на новите надлежности од централно на локално ниво во областа на образованието во Република Македонија, локалната самоуправа треба да изнајде стратешки начин за нивно реализирање. Тоа ќе овозможи оптимална ефикасност и успешно управување со основното и средното образование кои се од голема важност за локалната заедница.

За новите надлежности во образованието потребно е реформирање на стариот систем на управување со училиштата и да се изготви локална стратегија за образование за подобрување на управувањето и квалитетот на образованието во следните години. Затоа, од голема важност за локалната самоуправа е да се изработи кохерентен план што ќе ги комбинира (интегрира) најважните, долгорочни цели на општината, нејзината политика и програми. Со овој стратешки план локалната самоуправа ќе добие јасна слика за состојбата во образовниот сектор и ќе се направи напор во вистинска насока за подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на квалитетот на училишната опрема и подобрување на училишните објекти.

# 2 ПРАВНА РАМКА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

Еден од новитетите во правниот и политички систем на Република Македонија е зајакнатиот процес на децентрализација и пренесувањето на голем број надлежности од централно на локално ниво. Едно од клучните прашања во Рамковниот договор, потпишан во Охрид 2001 година, беше **развојот на децентрализирана влада**[1] претставено во XVII амандман од Уставот на Република Македонија. Како потврда на овие промени во надлежностите на локалната самоуправа беше новоусвоениот **Закон за локална самоуправа**[2], кој јасно посочува на зголемената власт во неколку области, при што образованието е една од нив. Со цел да се прилагоди на новата ситуација, направени се неколку промени во Законот за основно образование и Законот за средно образование.

Целта на овие промени во законодавството беше да се промени начинот на кој беше управувано со образованието од страна на централната власт. Имено, образованието не беше на врвот на листата на приоритети на централната влада. Лошите економски услови во земјата го доведоа образованието на маргините на развојното планирање, па инвестициите во оваа област беа сведени на минимум. Обновувањето на наставните помагала и модернизацијата на училиштата со компјутери беше овозможено исклучиво преку странски донатори и други спонзорства. Средствата што Владата ги трошеше на образованието ретко беа фокусирани на подобрување на образованието, туку беа користени за одржување

[1] Точка 3 од главниот текст на Охридскиот рамковен договор
[2] Службен весник на Република Македонија бр. 05/02

на веќе влошената состојба во училишните згради и исплата на платите на наставниците[3]. Централизираното одлучување во однос на вработените, планирањето, отворањето и затворањето на училиштата, училишната мрежа и други релевантни теми во образованието ретко соодветствуваа со потребите на локалната заедница особено во оддалечените и ретко населените области во земјата.

Според Законот за локална самоуправа процесот на децентрализација во Република Македонија започна на 1 јули 2005 година.[4] Врз основа на овој Закон, локалните самоуправи ја презедоа одговорноста за образованието. Општините ја презедоа сопственоста врз училишните згради, нивното одржување и превозот на учениците, за кои владата обезбедува наменска дотација. Исто така, една од обврските на општините е и усвојувањето на локални стратешки документи за унапредување и подобрување на состојбата во рамките на нивните надлежности[5], според Законот за локална самоуправа.

Новата легислатива ја овозможува децентрализацијата на образованието, што треба да се спроведе во две фази. Првата фаза на децентрализација на образованието вклучуваше пренос на сопственоста врз училишната зграда, нејзиното одржување и превозот на учениците за што владата обезбедува наменска дотација. Втората фаза ќе вклучува одговорност за наставниците, техничкиот и административниот персонал. Оваа фаза треба да започне од 2007 година, што ќе биде дополнителен товар за општинскиот буџет. Во оваа фаза Владата ќе обезбедува блок дотации со цел општините да ги извршуваат своите надлежности.

Со новите надлежности, локалната самоуправа станува главниот чинител во процесот на одлучување во однос на образованието. Важно е да се напомене и Националната стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015, што беше подготвена од Министерството за образование и наука и усвоена од страна на Собранието на Република Македонија на 18 април 2006 година. Во делот VI - **Клучни области за интервенција**, поглавје 1 **Образование за сите** една од целите е **децентрализација на образованието**. Во минатото, обврската на училиштата, родителите и локалната заедница за ефикасно функционирање како и изготвувањето и спроведувањето на развојните планови на училиштата беше ограничена заради сложените бирократски процедури и рестриктивните можности за изнаоѓање алтернативни извори за финансирање.

[3] Синдикатот на вработените во образованието, науката и културата – СОНК има најдисциплинирани членови и има значително политичко влијание и преговарачки авторитет во Владата
[4] Службен весник на Република Македонија бр. 05/02
[5] Член 22, став 1 (листа на надлежности)

# 3 МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ФОРМУЛИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ТЕАРЦЕ

Заради фактот што Локалната стратегија за образование е долгорочен документ и ги вклучува долгорочните цели на Општината и сите други засегнати страни, неопходно е да се подготви соодветна методологија, што ќе се користи за време на изготвувањето на стратешкиот документ.

При приготвувањето на Локалната стратегија за образование, беа применети следните принципи:

- *Сопственост*, што подразбира дека во крајна линија партнерите и засегнатите страни се одговорни за процесите и резултатите на проектот. Комисијата за образование ја дефинираше својата улога во процесот на подготовка на Локалната стратегија за образование, ги дефинираше засегнатите страни кои беа вклучени во целиот процес на подготовка на Локалната стратегија за образование. Комисијата за образование во општината беше формирана од страна на членовите на Советот на општината. Одговорноста на Комисијата за образование е да изготви план за изработка на стратегија за образование, елаборат и план за имплементација на стратегијата, мониторинг на имплементацијата на стратегијата и да подготви извештаи за резултатите од имплементацијата на стратегијата.

- *Одговор на барањата*. Целите и активностите на стратегијата мора да одговорат на локалните барања и да понудат решенија специфични за локалното опкружување. Со вклучување на локалната заедница во процесот на елаборирање на Локалната стратегија за образование, нејзините активности станувaат тесно поврзани со потребите, па оттука се релевантни и одговараат на барањата. Врз основа на идеите и очекувањата од сите засегнати страни вклучени во процесот беше направена и SWOT анализа.

- *Вклучување на повеќе засегнати страни*. Во процесот на елаборирање на Локалната стратегија за образование беше направен напор да се обезбеди баланс меѓу сите партнери кои учествуваа. Лицето одговорно за образование во општината во соработка со претседателите на училишните одбори и училишните директори одржаа неколку состаноци со засегнатите страни. Целта на состаноците беше да се чуе мислењето и идеите од засегнатите страни и врз основа на овие идеи и мислења да се формулираат стратешките цели на Локалната стратегија за образование.

- *Градење на капацитетите*. Локалната стратегија за образование им помага на партнерите да се стекнат со институционални капацитети и/или индивидуални вештини кои ќе можат ефективно да се искористат во развојни цели. Комисијата за образование со помош од општинската администрација презема неопходни чекори и собира веродостојни податоци кои потоа беа искористени при подготовка на Локалната стратегија за

образование. Откако беше формирана Комисијата за образование, следниот чекор беше да се соберат податоци неопходни за SWOT анализа. Претходно собраните податоци беа искористени да се дефинира стратешката цел и стратешките задачи на Локалната стратегија за образование.

- *Партнерство*. Здружувањето со локалните власти и другите организации е единствениот можен начин за да се постигнат целите на Локалната стратегија за образование. Како резултат на тоа, во процесот се вклучени различни локални партнери. Во изготвувањето на Стратегијата беа вклучени следниве засегнати страни:

    - Градоначалникот
    - Наставниците
    - Директорите на училиштата
    - Родителите
    - Училишните одбори
    - Лицето одговорно за образование во општината

- Учење преку работа. Ова е област за која постои се поголемо барање за конкретни лекции и алатки, што би можеле да се позајмат, адаптираат и применат. Затоа, Комисијата за образование ќе организира состаноци за да се ревидираат и дискутираат сугестиите и предлозите со засегнатите страни. Како резултат на овие средби беше финализирана Локалната стратегија за образование.

Членовите на Комисијата за образование со помош на експертите елаборираа акциски план. Нацрт верзијата на Локалната стратегија за образование беше презентирана пред Градоначалникот и Советот на општината. По дискусијата, советниците ја одобрија нацрт верзијата. На овој состанок, беше одобрен и акцискиот план и ранг листата за подобрување на училишните објекти.

## 3.1 Дополнителни информации

Општина Теарце е рурална општина со население од 22.454 жители од различна националност, од кои 18.950 или 84,39% се Албанци, 2.739 или 12,20 % се Македонци, 512 или 2,29% се Турци, 54 или 0,24 % се Роми, 7 или 0,03 % Срби и 167 или 0,74 % од друга националност. Според возрасната структура во општината живеат 5.453 жители на возраст од 0-14 години, 15,005 жители на возраст од 15-64 години, 1.959 жители се на возраст над 65 години и 37 жители на непозната возраст.

Според нивото на образование статистиката вели дека 489 или 2,17% се со завршен факултет, 245 или 1,09% со виша школа, 3.342 или 14,88% со средно училиште; 10.071 или 44,85% се со основно училиште, 1,885 или 8,39% со незавршено основно училиште и 933 или 4,15% неписмени жители. Важно е да се напомене дека 10 луѓе се со степен магистер и 5 со степен доктор на науки. Од женската популација 416 или 1,85% се вработени, 887 или 3,95% се невработени; од машките 1,409 или 6,27% се вработени, а 2,128 или 9,47% се невработени.

Во рамките на Општина Теарце функционира и Одделение за локален економски развој, во чии рамки се подготвени неколку документи за економски развој, при што како дел од целокупните активности и приоритети за иден развој е вградено и образованието.

Врз основа на запишувањето на учениците во сите училишта во рамките на Општина Теарце, вкупниот број ученици во училишната 2005/2006 е 2,818. Демографските податоци беа добиени од локалните здравствени институции во селата Теарце, Нераште, Доброште и Вратница (во амбулантата во Вратница се води евиденција и за новородените во Одри). Ова е особено важно бидејќи постојат потешкотии за добивање на бројот на новородени за секое село од матичната служба во рамките на Министерството за внатрешни работи, каде се регистрираат новородените.

Од податоците собрани од амбулантите произлегува дека бројот на новородени се намалува. Причините за овој тренд можат да се најдат во големата миграција од руралните во урбаните области, емиграцијата во Западна Европа и нискиот наталитет. Просечниот број на новородени деца по село е 15.

**Демографски промени од 2005/2006 до 2010/2011 на општинско ниво**



## Вкупен број на ученици по училиште во училишната 2005/2006 година




## Број на ученици во училиштата (Албанци, Македонци, Турци) во учебната 2005/2006 година

| Име на училиштето | албански ученици | македонски ученици | турски ученици |
|---|---|---|---|
| Централно основно училиште "Еќрем Чабеј" - Слатино | 560 | 0 | 0 |
| Подрачно основно училиште "Еќрем Чабеј" - Непроштено | 130 | 21 | 0 |
| Централно основно училиште "Исмаил Ќемали" - Нераште | 441 | 0 | 0 |
| Централно основно училиште "Фаик Коница" – Доброште | 413 | 21 | 0 |
| Подрачно основно училиште "Фаик Коница" - Одри | 305 | 0 | 0 |
| Централно основно училиште "Асдрени" – Глоѓи | 429 | 8 | 0 |
| Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | 302 | 150 | 55 |
| Подрачно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Лешок | 0 | 11 | 0 |
| **Вкупно** | **2580** | **211** | **55** |

## Број на ученици по училница, комбинирани паралелки, смени

| Име на училиштето | Ученици во училница | Ученици во училница/ смена | % на ученици во комбинирани паралелки | ученици во паралелки | Комбинирани паралелки/ паралелки | % на ученици во втора смена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Централно основно училиште "Еќрем Чабеј" - Слатино | 43 | 23,5 | 0 | 23,3 | 0 | 55 |
| Централно основно подрачно "Еќрем Чабеј" - Непроштено | 30 | 15 | 6,2 | 13 | 1 | 43,4 |
| Централно основно училиште "Исмаил Ќемали" - Нераште | 40 | 20 | 0 | 22 | 0 | 46,9 |
| Централно основно училиште "Фаик Коница" – Доброште | 33 | 16,6 | 4,6 | 21,7 | 1 | 48,5 |
| Подрачно основно училиште "Фаик Коница" - Одри | 27,7 | 13,8 | 0 | 23,4 | 0 | 26,2 |
| Централно основно училиште "Асдрени" – Глоѓи | 33,64 | 16,8 | 2,2 | 23 | 1 | 45,3 |
| Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | 23,6 | 11,8 | 3,6 | 15 | 2 | 54,4 |
| Подрачно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Лешок | 1,5 | 0,7 | 100 | 5,5 | 2 | 100 |

Во општина Теарце нема средно училиште, па учениците по завршувањето на основното образование продолжуваат во средните училишта во Општина Тетово. Во текот на 2006/2007 година во Општина Теарце, бројот на ученици кои посетуваат средни училишта (во Општина Тетово) е 839 ученици. Од нив 201 се запишани во прва година. Бројот на ученици кои завршиле основно образование во учебната 2005/2006 година во општината е 402. Од овие податоци, можеме да заклучиме дека само 50% од учениците во Општина Теарце продолжуваат со образованието во некое од средните училишта во Општина Тетово. Од друга страна, просечниот број на ученици кои посетуваат средно образование на национално ниво е 88%.

Од податоците што Општина Теарце ги има собрано од сите средни училишта во Тетово, можеме да заклучиме дека има релативно стабилен тренд во запишувањето на ученици во средно образование. Најпосакувани се медицинското училиште и гимназијата.

| Број на ученици кои посетуваат средно училиште во Тетово – податоци за 2006-2007 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на запишување | | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | |
| **Име на средното училиште во Тетово** | | **I година** | **II година** | **III година** | **IV година** | **ВКУПНО** |
| Земјоделско училиште | | 38 | 45 | 39 | 49 | 171 |
| Текстилно училиште | | 25 | 43 | 36 | 33 | 137 |
| Медицинско училиште | | 56 | 49 | 48 | 43 | 196 |
| Економско училиште | | 31 | 35 | 40 | 46 | 152 |
| Гимназија | | 51 | 47 | 42 | 43 | 183 |
| **ВКУПНО** | | **201** | **219** | **205** | **214** | **839** |

# 4 СОСТОЈБА СО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ТЕАРЦЕ

## 4.1 Училишна мрежа




Општина Теарце има 5 централни и 3 подрачни основни училишта. Централни училишта се „Еќрем Чабеј" во селото Слатино, „Кирил Пејчиновиќ" во село Теарце, „Асдрени" во селото Глоѓи, „Фаик Коница" во село Доброште и „Исмаил Ќемали" во село Нераште.

Подрачни училишта се: „Еќрем Чабеј" од село Непроштено, што припаѓа на основното централно училиште „Еќрем Чабеј" од село Слатино, „Кирил Пејчиновиќ" во село Лешок, што припаѓа на истоименото училиште од село Теарце и „Фаик Коница" од село Одри што потпаѓа под училиштето од село Доброште.

### Централно основно училиште "Еќрем Чабеј"- Слатино

Централното основно училиште "Еќрем Чабеј" се наоѓа во село Слатино и обезбедува настава од подготвителна година до осмо одделение на албански јазик. Училиштето ги опфаќа учениците од село Слатино. Во училиштето работат 24 некомбинирани паралелки во две смени.
Реонот на вентралното основно училиште "Еќрем Чабеј" од Слатино и подрачното училиште во село Непроштено ги опфаќа децата од овие две села.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 2 | 42 | 2 | 0 | 23 | 19 |
| I | 2 | 43 | 2 | 0 | 27 | 16 |
| II | 2 | 52 | 2 | 0 | | |
| III | 3 | 69 | 3 | 0 | 43 | 26 |
| IV | 3 | 69 | 3 | 0 | 35 | 34 |
| V | 3 | 70 | 0 | 3 | 41 | 29 |
| VI | 3 | 76 | 0 | 3 | 35 | 41 |
| VII | 3 | 70 | 0 | 3 | 45 | 25 |
| VIII | 3 | 69 | 0 | 3 | 35 | 34 |
| **Вкупно** | **24** | **560** | **12** | **12** | **284** | **224** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 23, 3
- Ученици по училница = 43
- Ученици по училница по смена =21,5
- Ученици во комбинирани паралелки = 0
- Втора смена 313

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Слатино беа добиени од амбулантата во село Теарце. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во следната година ќе има мало намалување на бројот на ученици. Генерално демографскиот тренд е стабилен.




Демографски промени во основното училиште "Еќрем Чабеј"- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **560** | **535** | **500** | **467** | **443** | **421** |

**Подрачно училиште "Еќрем Чабеј" - Непроштено**

Подрачното училиште во Непроштено ги покрива учениците од селото Непроштено и обезбедува настава од 0 до 8 одделение на албански јазик, и од 0 до 4 на македонски јазик. Учениците од македонска националност продолжуваат од 5 до 8 одделение во централното основно училиште „Кирил Пејчиновиќ" во Теарце. Училиштето обезбедува и настава за подготвителното одделение на албански и македонски јазик. Училиштето работи во две смени, утринска и попладневна. Во подрачното училиште во Непроштено, десет паралелки се чисти, некомбинирани, додека една паралелка е комбинирана со ученици од I, II, III, IV одделение кои учат на македонски наставен јазик.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбини-рани паралелки | Број на комбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Број на ученици во комбинирани паралелки | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 2 | 0 | 31 | 2 | 0 | 0 | 18 | 13 |
| I | 1 | 1 | 10 | 1 | 0 | 10 | 4 | 6 |
| II | 1 | 0 | 10 | 1 | 0 | 0 | | |
| III | 1 | 0 | 12 | 1 | 0 | 0 | 8 | 4 |
| IV | 1 | 0 | 18 | 1 | 0 | 0 | 12 | 6 |
| V | 1 | 0 | 16 | 0 | 1 | 0 | 4 | 12 |
| VI | 1 | 0 | 18 | 0 | 1 | 0 | 8 | 10 |
| VII | 1 | 0 | 18 | 0 | 1 | 0 | 8 | 10 |
| VIII | 1 | 0 | 18 | 0 | 1 | 0 | 10 | 8 |
| **Вкупно** | **10** | **1** | **151** | **6** | **4** | **10** | **72** | **69** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) =13
- Ученици по училница = 30
- Ученици по училница по смена = 15
- Ученици во комбинирани паралелки = 10
- Втора смена = 70



Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Непроштено беа добиени од амбулантата во село Теарце. Демографскиот тренд во Непроштено бележи пад. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во 2009, 2010 и 2011 година ќе има значително намалување на бројот на ученици во сите одделенија. Ќе има одредени варијации и во четврто одделение во следните години. Генерално демографскиот тренд опаѓа, но училиштето ќе продолжи да функционира нормално.

Демографски промени во подрачното училиште "Еќрем Чабеј"- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **151** | **143** | **136** | **131** | **129** | **125** |

**Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце**

Централното основно училиште „Кирил Пејчиновиќ" е лоцирано во село Теарце. Обезбедува настава од 0 до 8 одделение на албански, македонски и турски јазик. Училиштето ги опфаќа учениците од село Теарце, а прифаќа ученици од македонска националност од селата Лешок, Непроштено, Доброште и Глоѓи кои посетуваат настава од 5 до 8 одделение во Теарце. Во училиштето работат 19 чисти паралелки од 0-8 одделение, како и 2 комбинирани паралелки на турски наставен јазик. Првата комбинирана паралелка е за учениците од 1 и 3 одделение, а втората за учениците од 2 и 4 одделение. Вкупно има 17 албански, девет македонски и седум турски паралелки (5 некомбинирани и 2 комбинирани). Училиштето работи во две смени.

Реонот на централното основно училиште „Кирил Пејчиновиќ" во село Теарце и подрачното во Лешок ги покрива селата Теарце, Лешок, Непроштено, Доброште и Глоѓи.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбини-рани паралелки | Број на комбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Број на ученици во комбинирани паралелки | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 3 | 0 | 31 | 3 | 0 | 0 | 18 | 13 |
| I | 3 | 1 | 45 | 4 | 0 | 11 | 22 | 23 |
| II | 3 | 1 | 46 | 4 | 0 | 8 | 21 | 25 |
| III | 3 | 0 | 41 | 3 | 0 | 0 | 21 | 20 |
| IV | 3 | 0 | 53 | 3 | 0 | 0 | 29 | 24 |
| V | 4 | 0 | 64 | 0 | 4 | 0 | 34 | 30 |
| VI | 4 | 0 | 75 | 0 | 4 | 0 | 41 | 34 |
| VII | 4 | 0 | 66 | 0 | 4 | 0 | 36 | 30 |
| VIII | 4 | 0 | 76 | 0 | 4 | 0 | 39 | 37 |
| **Вкупно** | **31** | **2** | **497** | **17** | **16** | **19** | **261** | **236** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 15
- Ученици по училница = 23,6
- Ученици по училница по смена = 11,8
- Ученици во комбинирани паралелки =19
- Втора смена = 281

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Теарце беа добиени од локалната амбуланта. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во 2008 бројот на ученици малку ќе се намали, додека во 2009, 2010 и 2011 ќе биде константен со мали варијации. Училиштето ќе продолжи да функционира нормално во следните години.




Демографски промени во основното училиште "Кирил Пејчиновиќ"- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **497** | **438** | **398** | **372** | **358** | **356** |

**Подрачно училиште "Кирил Пејчиновиќ" – Лешок**

Подрачното училиште во Лешок, обезбедува настава од 1 до 4 одделение на македонски јазик за учениците од селото. Од 5 до 8 одделение, децата ја следат наставата во основното централно училиште „Кирил Пејчиновиќ" во Теарце. Во училиштето има две комбинирани паралелки, во првата учат децата од 1 и 3 одделение, а во втората децата од 2 и 4 одделение. Училиштето работи само во попладневна смена.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбинирани паралелки | Број на комбинирани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Број на ученици во комбинирани паралелки | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| I | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 6 | 3 | 3 |
| II | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 5 | 3 | 2 |
| III | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| IV | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VI | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VII | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VIII | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **2** | **0** | **0** | **2** | **11** | **6** | **5** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) =5,5
- Ученици по училница = 1,5
- Ученици по училница по смена = 0,7
- Ученици во комбинирани паралелки = 11
- Втора смена = 11

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Лешок беа добиени од амбулантата во село Теарце. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во следната училишна година нема да има ученици во второ и трето одделение. Имајќи го предвид фактот дека само 11 ученици посетуваат настава и дека демографскиот тренд значително ќе опадне во следниот период, се чини дека било каква реконструкција или инвестиција во училиштето не е оправдана.




Демографски промени во подрачното училиште “Кирил Пејчиновиќ”- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **11** | **12** | **9** | **8** | **10** | **10** |

**Централно основно училиште “Асдрени” - Глоѓи**

Централното основно училиште „Асдрени“ е лоцирано во село Глоѓи и обезбедува настава од 0 до 8 одделение на албански јазик. Училиштето ги опфаќа децата од селата Першовце и Глоѓи. Во училиштето функционира една комбинирана паралелка за децата од 1,2,3 и 4 одделение кои следат настава на македонски јазик. Овие ученици од 5 до 8 одделение посетуваат настава во основното училиште „Кирил Пејчиновиќ“ во Теарце. Вкупниот број на некомбинирани паралелки од 0-8 одделение е 18. Училиштето работи во две смени.

Реонот на централното основно училиште „Асдрени“ ги покрива селата Першовце и Глоѓи.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбини-рани паралелки | Број на комбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Број на ученици во комбинирани паралелки | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 2 | 0 | 40 | 2 | 0 | 0 | 20 | 20 |
| I | 2 | 1 | 36 | 2 | 0 | 10 | 20 | 16 |
| II | 2 | 0 | 36 | 2 | 0 | 0 | 18 | 27 |
| III | 2 | 0 | 48 | 2 | 0 | 0 | 21 | 27 |
| IV | 2 | 0 | 39 | 2 | 0 | 0 | 23 | 16 |
| V | 2 | 0 | 53 | 0 | 2 | 0 | 23 | 30 |
| VI | 2 | 0 | 59 | 0 | 2 | 0 | 59 | 26 |
| VII | 2 | 0 | 49 | 0 | 2 | 0 | 29 | 20 |
| VIII | 2 | 0 | 69 | 0 | 2 | 0 | 34 | 35 |
| **Вкупно** | **18** | **1** | **429** | **10** | **8** | **10** | **247** | **208** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 23
- Ученици по училница = 33,7
- Ученици по училница по смена = 16,8
- Ученици во комбинирани паралелки = 10
- Втора смена = 199

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Глоѓи и Першовце беа добиени од амбулантата во село Теарце. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во 2009/2010, 2010/2011 и 2011/2012 година ќе има мали варијации во сите одделенија. Генерално, училиштето ќе продолжи да функционира нормално во следните години.



Демографски промени во основното училиште “Асдрени”- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **429** | **396** | **361** | **335** | **327** | **312** |

**Централно основно училиште “Фаик Коница” – Доброште**

Централно основно училиште “Фаик Коница” е лоцирано во селото Доброште. Обезбедува настава од 0 до 8 одделение на албански јазици и од 1 до 4 одделение на македонски јазик. Училиштето ги опфаќа учениците од село Доброште. Учениците од македонска националност од 5 до 8 одделение посетуваат настава во училиштето во Теарце. Во училиштето, работат 19 чисти паралелки од 0 – 8 одделение и една комбинирана паралелка од 1 до 4 одделение на македонски наставен јазик. Во учебната година 2006/2007 има две комбинирани паралелки 1-3 и 2-4 одделение. Училиштето работи во две смени.

Реонот на основното централно училиште „Фаик Коница“ во Доброште и подрачното во Одри ги покриваат селата Доброште, Одри и Орашје (селото Орашје припаѓа на општина Јегуновце).

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбини-рани паралелки | Број на комбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Број на ученици во комбинирани паралелки | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 2 | 0 | 24 | 2 | 0 | 0 | 13 | 11 |
| I | 2 | 1 | 48 | 2 | 0 | 21 | 24 | 24 |
| II | 2 | 0 | 42 | 2 | 0 | 0 | 20 | 22 |
| III | 2 | 0 | 52 | 2 | 0 | 0 | 29 | 23 |
| IV | 2 | 0 | 55 | 2 | 0 | 0 | 29 | 26 |
| V | 2 | 0 | 43 | 0 | 2 | 0 | 23 | 20 |
| VI | 2 | 0 | 49 | 0 | 2 | 0 | 28 | 21 |
| VII | 3 | 0 | 75 | 0 | 3 | 0 | 38 | 37 |
| VIII | 2 | 0 | 46 | 0 | 2 | 0 | 16 | 30 |
| **Вкупно** | **19** | **1** | **434** | **10** | **9** | **21** | **220** | **214** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 21,7
- Ученици по училница = 33
- Ученици по училница по смена = 16,6
- Ученици во комбинирани паралелки = 21
- Втора смена 221

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Доброште беа добиени од амбулантата во село Доброште. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во следните години ќе има мали варијации на намалување на бројот на ученици. Училиштето ќе продолжи да функционира нормално следните години.




Демографски промени во основното училиште "Фаик Коница"- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **434** | **368** | **351** | **352** | **326** | **294** |

**Подрачно училиште "Фаик Коница" – Одри**

Подрачното училиште „Фаик Коница" обезбедува настава од 0 до 8 одделние на албански јазик. Училиштето ги опфаќа учениците од село Одри и селото Орашје од соседната општина Јегуновце. Учениците од Орашје посетуваат настава од 5 до 8 одделение. Вкупниот број на паралелки од 0 – 8 одделение е 13 и сите се некомбинирани. Училиштето работи во две смени.

**2005/2006**

| Одделе ние | Број на некомбини-рани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 15 | 1 | 0 | 7 | 8 |
| I | 1 | 15 | 1 | 0 | 7 | 8 |
| II | 1 | 15 | 1 | 0 | 11 | 4 |
| III | 1 | 17 | 1 | 0 | 8 | 9 |
| IV | 1 | 18 | 1 | 0 | 5 | 13 |
| V | 2 | 46 | 0 | 2 | 23 | 23 |
| VI | 2 | 54 | 0 | 2 | 32 | 22 |
| VII | 2 | 65 | 0 | 2 | 36 | 29 |
| VIII | 2 | 60 | 0 | 2 | 29 | 31 |
| **Вкупно** | **13** | **305** | **5** | **8** | **158** | **147** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 23,4
- Ученици по училница = 27,7
- Ученици по училница по смена = 13,8
- Ученици во комбинирани паралелки = 0
- Втора смена = 80

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Одри беа добиени од амбулантата во село Вратница (општина Јегуновце). Имајќи предвид дека во подрачното училиште во Одри учат ученици од Оращје – општина Јегуновце (од 5 до 8), проекциите се базирани само врз основа на податоците од село Одри и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година. Проекциите покажуваат дека бројот на ученици постојано ќе се намалува.

Во графикот не се вклучени податоците во однос на бројот на ученици во село Оращје, кои од петто одделение посетуваат настава во подрачното училиште „Фаик Коница“ во село Одри.



Демографски промени во подрачното училиште “Фаик Коница” – број на училишта

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **305** | **214** | **172** | **142** | **135** | **127** |

**Централно основно училиште “Исмаил Ќемали” - Нераште**

Централно основно училиште “Исмаил Ќемали” е лоцирано во селото Нераште. Обезбедува настава од 0 до 8 одделение на албански јазици. Училиштето ги опфаќа учениците од село Нераште. Во училиштето работат 20 чисти паралелки од 0 – 8 одделение. Училиштето работи во две смени.

Реонот на основното централно училиште “Исмаил Ќемали” во Нераште го покрива селото Нераште.

**2005/2006**

| Одделение | Број на некомбинирани паралелки | Број на ученици | Број на паралелки во попладневна смена | Број на паралелки во утринска смена | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 2 | 36 | 2 | 0 | 20 | 16 |
| I | 2 | 37 | 2 | 0 | 23 | 14 |
| II | 2 | 38 | 2 | 0 | 17 | 21 |
| III | 2 | 51 | 2 | 0 | 30 | 21 |
| IV | 2 | 45 | 2 | 0 | 20 | 25 |
| V | 2 | 50 | 0 | 2 | 27 | 23 |
| VI | 2 | 55 | 0 | 2 | 28 | 27 |
| VII | 3 | 65 | 0 | 3 | 34 | 31 |
| VIII | 3 | 64 | 0 | 3 | 37 | 27 |
| **Вкупно** | **20** | **441** | **10** | **10** | **236** | **205** |

**Индикатори:**

- Ученици по паралелки (0-8 одделение) = 22
- Ученици по училница = 40
- Ученици по училница по смена = 20
- Ученици во комбинирани паралелки = 0
- Втора смена = 207

Демографските податоци за новородените од 2000 до 2005 година за село Нераште беа добиени од амбулантата во селото. Проекциите, базирани на податоците за новородените и податоците за запишување на учениците во 2005/2006 година покажуваат дека во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 ќе има варијации во бројот на ученици, додека во 2011/2012 ќе има видливо намалување во бројот на ученици. Училиштето ќе продолжи да функционира нормално со стабилен број на ученици.




Демографски промени во основното училиште “Исмаил Ќемали”- број на ученици

| 2005/2006 | 2006/2007 | 2007/2008 | 2008/2009 | 2009/2010 | 2010/2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **441** | **376** | **349** | **326** | **317** | **284** |

**Заклучок**

Училишната мрежа во Општина Теарце е релативно одржлива. Има училишта со стабилен број ученици, кои ќе функционираат нормално следните години. Исклучок е подрачното училиште во село Лешок, каде има исклучително мал број ученици и во следните години не се очекува зголемување на наталитетот. Како резултат на овој тренд, училиштето станува скапо за одржување, во смисла на тековните трошоци, платите на наставниците и техничкиот кадар. Единствената солуција за ова училиште е тоа да се затвори. Учениците кои посетуваат настава во ова училиште можат да продолжат во училиштето „Кирил Пејчиновиќ“, кое се наоѓа на само 3 километри од подрачното училиште во Лешок. Превозот на учениците ќе го покрие општина Теарце, додека наставниците и техничкиот кадар ќе бидат префрлени во централното училиште во Теарце.

Заради фактот што во следниве години бројот на ученици во сите одделенија ќе се намалува, неопходно е дел од наставниот кадар да биде преквалификуван и префрлен во други институции на пример средното училиште што Општината планира да го изгради). Исто така, имајќи ги предвид податоците и потребите за превоз на учениците, општината треба да обезбеди рационална и квалитетна услуга на сите ученици кои ќе патуваат и да им понуди најдобри услови за учење.

Управниот и административниот кадар на училиштата ќе треба постојано да ги следи образовните реформи и промените во законот и тоа да го имплементираат во секојдневната работа. Директорите на училиштата треба да станат менаџери и да пронајдат механизми и алтернативни начини, покрај оние понудени од општината, со цел да ги направат училиштата конкурентни по секоја основа, особено во поглед на квалитетот на образованието.

## 4.2 Карактеристики на наставниците

Главната карактеристика по која се разликува наставниот кадар во Општина Теарце е наставниот јазик. Наставата во Општина Теарце се одвива на три јазици: албански, македонски и турски. Најголемата група, приближно 79 проценти, се наставниците кои предаваат на албански јазик. Групата е релативно возрасна, бидејќи просечната возраст на албанските наставници е 44 години и имаат работен стаж од 16 години. Само 21 наставник или 20,3% се под 30 години. Во оваа возрасна група доминираат наставниците по англиски, француски и информатика. Процентот на наставниците на возраст од 30 до 40 години е 19,9%, наставниците од 40 до 50 години 25%, од 50 до 60 години 27% и над 60 години 8,6%.

Во однос на наставните предмети, најголемата група ја сочинуваат одделенските наставници од 1 до 4 одделение – 48,6%. Во моментов има 54 наставници кои работат со 42 одделенија, односно има 1,28 наставник по одделение. Други поголеми групи се наставниците по албански јазик – 15, физика – 13, наставници во подготвителна настава – 13, математика – 10, англиски јазик – 10, физичко воспитание – 7, музичко воспитание– 3, географија – 3, ликовно воспитување – 3, биологија – 4, историја – 7, ОТП и информатика – 2 и македонски јазик – 5. Помеѓу наставниците кои држат настава на албански јазик, 52% имаат универзитетско образование, а 48% имаат виша школа. Квалификациите на наставниците не се поврзани со нивниот работен стаж или возраст.

Прикажаните податоци покажуваат дека меѓу албанските наставници има недостиг на наставници по информатика. Јасно е видливо дека во оваа група доминираат наставници од основно образование. Групата ќе стане значителен проблем за локалните власти во иднина и оттука бројот на наставници во оваа група треба да се намали. Истовремено, ќе биде потребно да се рационализира училишната мрежа наместо да се прават обиди да се подобри ефективноста на образовниот процес со зголемување на бројот на ученици во паралелка. Како резултат на ова некои наставници ќе треба да бидат отпуштени од работа или пак да им се понуди преквалификација. Подобрувањето на квалификациите на наставниците е еден од суштинските предизвици со кои ќе се соочат наставниците на албански наставен јазик, доколку сакаат да се справат со новите предизвици на образовниот процес.

Во однос на возраста, наставниците на македонски наставен јазик се слични со оние кои предаваат на албански јазик, бидејќи просечната возраст е 44 години, а работниот стаж им е 16 години. 52% од наставниците имаат виша школа, додека 48% имаат универзитетско образование. Најголема група се наставниците од прво до четврто одделение, вкупно 10, што претставува 50% од наставниот кадар. Просечниот број на наставници по одделение (од 1 до 4) е многу висок и изнесува 2,5. Има шест наставници по македонски јазик, 2 по физика и по еден наставник по француски, биологија, математика. Потои недостиг на наставници по странски јазици, математика, историја, географија и информатика. Исто како што беше случај со наставниците на албански наставен јазик, има итна потреба за подобрување на професионалните вештини. Потребна е оценка на нивото на кадарот, со цел да се увиди дали постои дефицит на наставници или каде има

превработеност. Се разбира проблемот се однесува на наставниците од основно образование од 1 до 4 одделение, кој ќе стане уште поголем кога ќе се иницира рационализација на училишната мрежа и учениците ќе се префрлат од подрачните во централните училишта.

Има седум наставници на турски наставен јазик: двајца за основно образование од 1 до 4 одделение, и по еден за подготвителна настава, хемија, биологија, математика и турски јазик. Наставникот кој предава хемија, истовремено предава физика и физичко. Има наставник кој зборува турски по историја и географија и наставник кој предава музичко и ОТП. Во моментов, во Теарце има една паралелка каде учениците учат на турски јазик. Албанските наставници предаваат информатика, македонските наставници предаваат англиски и француски. Анализата на актуелниот наставен кадар укажува дека постои сериозен недостаток од наставници по странски јазици, информатика, физичко воспитание, музичко, итн.

Наставниците во турските паралелки, иако немаат турско потекло, предаваат на јазик кој не е мајчин јазик на учениците. Во графиците дадени подолу се дадени податоци во однос на нивото на образование, наставните предмети и возраста на наставниците во учебната 2005/2006 година. Важно е да се напомене дека има промени, особено во однос на нивото на образование, бидејќи сите наставници со виша школа се преквалификуваат, односно преминуваат во степен VII-1.

**Степен на образование на наставниците**



**Образовно ниво на наставниците 1 до 4 одделение**




**Наставен предмет**









**Заклучок**

Квалитетот на образованието зависи од професионалните квалификации на наставниците, наставните програми и планови и учебниците. Некои од наставниците кои предаваат на албански и македонски наставен јазик имаат универзитетско образование. Истовремено, над 30 проценти од наставниците имаат 30-40 години работен стаж. Има недостаток на наставници по информатика на албански и македонски јазик. Оваа ситуација е типична за сите основни училишта во Македонија. Недостатокот е уште позабележлив меѓу наставниците кои предаваат на турски наставен јазик. Бидејќи има само седум наставници невозможно е да се обезбеди соодветна настава од 0-8 одделение на турски јазик.

Со цел да обезбедат соодветни наставни стандарди, важно е да се вработат наставници на турски јазик на сите позиции. Другата можност што треба да се разгледа е учениците да се превезуваат до училишта каде целокупната настава се изведува на нивниот мајчин јазик.

### 4.3 Училишни објекти

Училишните објекти се изградени во периодот од 1933 до 1954 година, а подоцна до 1974 година некои од училиштата беа реконструирани и проширени, во зависност од потребите и можностите. Во периодот од 1974 до 2000 година не се направени поголеми поправки освен тековното одржување на училишните објекти.

Во периодот од 2000 до 2006 година беа извршени неколку поголеми реконструктивни зафати во училишните објекти во Општина Теарце, вклучувајќи: реконструкција на трите централни училишта во населените места Теарце, Слатино и Глоѓи; реконструкција на подрачното училиште во Непроштено; ново подрачно училиште со централно греење во Одри; инсталација на централен систем за греење во централните училишта во Теарце, Доброште и Слатино. Централното училиште во Нераште и подрачното училиште во Лешок никогаш не биле реконструирани, па затоа овие училишта се во многу лоша состојба, освен прозорците во централното училиште во Нераште.

**Централно основно училиште "Еќрем Чабеј"- Слатино**

Централно училиште „Еќрем Чабеј" во село Слатино е изградено во 1974 година. Објектот е составен од подрум и два спрата и е во добра состојба. Инфраструктурата се состои од водовод, канализација, електрична инсталација која ги задоволува потребните норми и стандарди. Во училиштето се поставени нови прозори, а во 2006 година е инсталиран систем за топловодно греење. Санитарните чворови се во лоша состојба и неопходна е нивна рекострукција.

**Подрачно училиште "Еќрем Чабеј" - Непроштено**

Подрачното училиште во село Непроштено е изградено во 1954 година. Објектот е составен од еден спрат и е во добра состојба. Во 2006 година комплетно се реконтруирани сите инсталации (со поддршка од USAID) со цел да ги задоволат потребните норми и стандарди. Објектот нема систем за греење и се загрева со ќумбиња на дрва. Тоалети има, но не се во добра состојба.

**Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце**

Централно училиште „Кирил Пејчоновиќ" во село Теарце е составено од два објекти кои се во добра состојба. Првиот е изграден во 1933 година и до 1988 година во него работело средното училиште - гимназија. Објектот е составен од два спрата. Нема водовод и канализација, а електричната исталација е во лоша состојба. Од кога е изградено во ова училиште не е реконтруирана ниту една

позиција. Единствената интервенција е промената на прозорците. Објектот се загрева со ќумбиња на дрва. Втората зграда е изградена во 1948 година и е во добра состојба. Составена е од подрум и два спрата, со комплетна инфраструктура: водовод, канализација, електрична инсталација која ги задоволува потребните норми и стандарди. Училиштето е реновирано во 1999 година и се заграва со парно греење.

**Подрачно училиште "Кирил Пејчиновиќ" – Лешок**

Подрачното училишта во село Лешок е изградено во 1933 година. Објектот е составен од два спрата. Конструкцијата на објектот е добра, но заради слабо тековно одржување се наоѓа во лоша состојба. Во објектот нема водовод и канализација, а електричната инсталација не ги задоволува потребните норми и стандарди. Столаријата во објектот е дотраена, подовите се во лоша состојба и објектот се загрева со ќумбиња на дрва. Објектот нема тоалети.

Неопходна е реконструкција на објектот во сите фази. Ако се земе во обѕир бројот на ученици кои го посетуватт училиштето (11 ученици) и движењето на бројот на ученици во следниот период (тренд на опаѓање) од една страна, и вредноста која е потребна за комплетна реконструкција на објектот се доаѓа до заклучок дека трошокот за реконструкција по ученик е неоправдано.

**Централно основно училиште "Асдрени" - Глоѓи**

Централното училиште „Асдрени" во селото Глоѓи е изградено во 1933 година, а во 1981 е доградено. Објкетот е составен од подрум и два спрата и во целост (и стариот дел и новиот дел) се во добра состојба. Во објектот е застапена комплетна инфрастуктура има водовод, канализација и електрична инсталација кои ги задоволува потребните норми истандарди, но тоалетите се во лоша состојба. Во 1996 година објектот е реконструиран. Греењето на објектот е со ќумбиња на дрва. Вратите и прозорците се во лоша состојба.

**Централно основно училиште "Фаик Коница" – Доброште**

Централно основно училиште "Фаик Коница" во Доброште има три објекти. Првиот е изграден во 1933 година, вториот во 1966, а третиот во 2002 година. Првата училишна зграда има само еден спрат, без водовод и канализација, додека електричната инсталација е во многу лоша состојба. Столаријата е дотраена, подовите со во лоша состојба, а се загрева со парно. Втората зграда има подрум и два спрата. Столаријата не е во добра состојба. Училиштето има централно греење, но тоалетите се во лоша состојба. Третата зграда, изградена во 2002 година, е во добра состојба и е запазена целосна инфраструктура. Греењето е на дрва.

**Подрачно училиште “Фаик Коница” – Одри**

Подрачно училиште “Фаик Коница” во Одри е изградено во 2001 година. Двокатната зграда со подрумот се во добра состојба. Има водовод и електрична инсталација, но нема канализација. Училиштето има септичка јама. Инсталиран е централен систем на греење.

**Централно основно училиште “Исмаил Ќемали” - Нераште**

Централно основно училиште “Исмаил Ќемали” во Нераште е изградено во 1948 година, а последната реконструкција е од 1968 година. Објектот е во лоша состојба, вклучувајќи го водоводот, септичката јама и електричната инсталација. Објектот се грее со ќумбиња на дрва, а вратите се во лоша состојба. Тоалетите се исто така руинирани и не ги задоволуваат потребните стандарди. Единствените промени се направени врз прозорците на објектот и реконструкцијата на спортската сала.

Комисијата за образование и директорите на училиштата врз основа на базата на податоци за проценка на училишните објекти и барањата на секое училиште составија ранг листа за мали поправки и инвестиции во училиштата. Секое училиште поднесе до Општината барање за мали поправки и инвестиции со барем три проекти. По добивањето на барањата од училишните директори, Комисијата заедно со училишните директори направија една ранг листа на општинско ниво. Беше пресметано приближно колку ќе чини секој проект од секое училиште. Оваа пресметка ја направија училишните директори со поддршка од Општината.

| **Основно училиште** | **Проект** | **Рангирање на проектите** | **Износ МКД** |
|---|---|---|---|
| Основно училиште "Исмаил Ќемали" - Нераште | 1. Централно греење | 5 | 2,300,000 |
| | 2. Замена на прозорците | променети | |
| | 3. Замена на подот | 11 | 950,000 |
| | | | |
| Основно училиште "Фаик Коница" – Доброште | 1. Замена на вратите и прозорците | 3 | 750,000 |
| | 2. Малтерисување на ѕидовите на зградата | 12 | 300,000 |
| | 3. Промена на плочките на подот | 10 | 520,000 |
| | | | |
| Основно подрачно "Фаик Коница" - Одри | 1. Изградба на спортска сала | 15 | 10,000,000 |
| | 2. Училишна библиотека | 17 | |
| | 3. Купување на наставни помагала | 18 | |
| | | | |
| Основно училиште "Асдрени" – Глоѓи | 1. Централно греење | 6 | 3,600,000 |
| | 2. Замена на прозорците | 4 | 800,000 |
| | | | |
| Основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | 1. Централно греење (стара зграда) | 8 | 1,700,000 |
| | 2. Промена на конструкцијата од дрво во бетон (стара зграда) | 9 | 1,200,000 |
| | 3. Поправка на подот | 9 | 480,000 |
| | | | |
| Основно училиште "Еќрем Чабеј" - Слатино | 1. Поправка на тоалетите | 1 | 751,150 |
| | 2. Изградба на спортска сала | 14 | 11,000,000 |
| | 3. Варосување на фасадата на училиштето | 13 | 1,000,000 |
| | | | |
| Основно подрачно " Еќрем Чабеј " - Непроштено | 1. Поправка на тоалетите | 2 | 400,000 |
| | 2. Централно греење | 7 | 2,500,000 |
| | 3. Асфалтирање на игралиштето | 16 | 1,500,000 |
| **ВКУПНО** | | | **39,751,150** |

**Заклучок**

Училишните објекти се во релативно добра состојба. Постои потреба за мали поправки во неколку училишта, како и инсталирање на централно греење во училиштата кои користат застарени системи, како греење со дрва. Општината треба да издвои повеќе средства од сопствениот буџет за мали инвестиции во училиштата, покрај сумата што се одвојува за тековно одржување. Многу е важно за време на инвестирањето во училиштата, да се користат податоците собрани од ПЛУУМ, во однос на бројот на учениците, наставниците, демографските податоци и условите на училишните објекти. Според податоците на ПЛУУМ, Општина Теарце треба да воспостави и да одржува база на податоци со информации за секое училиште поединечно. На овој начин, ќе се добие јасна слика за условите во секое училиште и ќе може да се планираат директни и долгорочни инвестиции. Воглавно треба да се инвестира во поправање на електричната инсталација, централното греење, вратите и прозорците, како и санитарниот систем и училишните огради. Потребни се и инвестиции за наставни материјали.

Подобрувањето на училишните објекти треба да биде главен приоритет на локалната администрација со цел да се создадат соодветни услови во кои ќе се одвива образовниот процес за сите ученици. Во прилог на ова е и ранг листата на проекти, составена во соработка со Комисијата за образование и директорите на училиштата. Во 2007 година, во предлог буџетот одобрен од Советот на општината, се вклучени капитални инвестиции до четири милиони денари, како учество на општината за реализација на претходно споменатите проекти.

## 4.4 Буџет за образование

### Анализа на буџетот за 2006

Од вкупниот буџет на општината 15% се за буџетот за образование. Овој процент е повисок од просекот во руралните општини, каде износот за образование е 10% од општинскиот буџет. Со цел да имаме увид во расходите, треба да ги знаеме изворите на приход во буџетот за образование во општина Теарце. Главниот извор на приходи е наменската дотација 95%. Интересно е што општината одвојува 1% свои средства за буџетот за образование. Оваа сума не е многу голема, но претставува 4% од приходите во буџетот за образование. Друг извор на приходи се донациите кои изнесуваат 1% од буџетот за образование.

**Извори на приход во буџетот за образование**




Од друга страна главни трошоци во буџетот за образование се греењето и превозот. Ова се главни трошоци во целокупниот буџет за образование во целата земја. Општина Теарце троши 48% на греење и 36% на превоз. Ако ги споредиме овие бројки со просекот во руралните општини (греење 45% и превоз 36%) можеме да забележиме дека Теарце троши повеќе на греење, но помалку на превоз. Структурата на другите трошоци може да се види од пита графикот претставен подолу и може да се согледа дека општина Теарце не се разликува многу од просекот на руралните општини.

**Трошоци во буџетот за образование во Теарце**




## Анализа на буџетот за 2007

Вкупниот буџет за Општина Теарце за 2007 е зголемен за 13% во споредба со минатогодишниот буџет. Како апсолутна вредност најголемо зголемување е забележано во буџетите за општинската администрација и комуналните услуги.

Во однос на капиталните расходи, повторно најголемо зголемување може да се забележи во општинската администрација. Ова се смета за позитивно бидејќи поголемиот дел од општините ги планираат своите капитални инвестиции во училиштата како дел од оваа буџетска ставка.

Општина Теарце има планирано 4.000.000 денари во оваа ставка за капитални инвестиции во образованието.

Структурата на буџетот за образование е многу слична со онаа од претходната година. Од сопствени извори Теарце планира да издвои 300.000 денари за образование кои ќе бидат потрошени за греење. Вредноста и целта за искористување на овој извор на финансирање е иста како и минатата година.

Наменската дотација за одржување за 2007 година е зголемена за 32.12% во споредба со 2006, додека наменската дотација за превоз е намалена за околу 44%.

Сепак, важно е да се напомене дека ставката „донации“ како извор за буџетот за образование е празна оваа година. Ако ја споредиме распределбата на наменската дотација меѓу ставките, можеме да ја забележиме истата структура како минатата година, освен ставката за одржување и реконструкција што е зголемена од 281.575 на 759.610 денари или речиси 170%.

Всушност, ова е многу позитивна промена, но Теарце треба да размисли за инвестирање повеќе средства од нивниот општински буџет во буџетот за образование.

**Вкупен буџет за општината**




**Извори на приход во буџетот за образование**



**Расходи од буџетот за образование во Општина Теарце**




**Расходи и извори во буџетот за образование**



## 4.5 Превоз и греење

### Превоз на ученици

Законот вели дека на секој ученик кој живее повеќе од 2 километри од најблиското училиште треба да му се обезбеди бесплатен превоз до училиштето. Превозот за учениците го обезбедува општината преку тендер. Во Општина Теарце 101 ученик користи превоз до следниве дестинации.

| Училиште | Рута | км | ученици | денари /ученик | Износ по ден | по км/по ученик | По км |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | Доброште - Теарце - Доброште | 8 | 18 | 60 | 1080 | 7,50 | 135,00 |
| "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | Лешок - Теарце – Лешок | 6 | 13 | 50 | 650 | 8,33 | 108,33 |
| "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | Непроштено - Теарце - Непроштено | 7 | 7 | 60 | 420 | 8,57 | 60,00 |
| "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | Глоѓи - Теарце – Глоѓи | 6 | 8 | 50 | 400 | 8,33 | 66,67 |
| "Фаик Коница" - Одри | Орашје - Одри – Орашје | 13 | 55 | 60 | 3300 | 4,62 | 253,85 |

Превозот на ученици го обезбедуваат приватни превозници. Тоа се пред се деца кои учат на македонски јазик и се превезуваат до централното училиште во Теарце. Децата, исто така, се превезуваат и од селото Орашје, кое се наоѓа во Општина Јегуновце. Тие следат настава на албански јазик. Трошоците за превоз за овие ученици ги сноси Општина Теарце.

Следејќи ја тендерската процедура, одбрани се два превозника. Просечниот трошок по 1 км по дете се движи од 4.62 до 8.57 денари. Ова изнесува колку трошокот на таканаречениот превозен километар што се движи од 60 до 235 денари. Превозот на ученици од и до Орашје е најскап (заради лошите услови на патиштата, особено во зимски услови).

### Предлози

Препораката за локалната администрација е во иднина да се промени методологијата за набавка на превоз за учениците и тендерската процедура. Ова значи дека цената би требала да вклучува: простор, број на ученици, квалитет на услугата, бројот на седишта, превозно средство и начинот на плаќање.

## Греење

По анализата на трошоците за греење во училиштата во општина Теарце беше дојдено до следните резултати:

- Доколку ги погледнеме трошоците по ученик веднаш ќе забележиме дека најголеми трошоци имаат училиштата со најмал број ученици т.е. училиштето во Лешок со 11 ученици;
- Според трошоците по ученик и квадратен метар (м2), генерално, греењето со нафта е поскапо;
- Доколку се анализираат трошоците за греење по м2 може да се забележи дека најскапо греење има училиштето во Доброште со 1.557 денари/по м2;
- Најрационално греење според формулата по ученик и по м2 има училиштето во Непроштено (греење со дрво) и училиштето во Слатино (греење со нафта).

Оваа анализа е базирана само на бројки и за да се добие јасна слика за ситуацијата треба да се земат предвид и други параметри, како условите на училиштата, инфраструктурата, прозорците, вратите, изолацијата, итн.

### Трошоци за греење за училишната година 2005/2006

| **Име на училиштето** | **место** | Дрва(m3) | **ДрваMKD** | **Нафта (t)** | **Нафта MKD** | **Смени** | **бр на ученици** | **греена површина** | **трошоци за ученик/дрва** | **трошоци за ученик/нафта** | **трошоци за m2/дрва** | **трошоци за m2/нафта** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Централно “Кирил Пејчиновиќ“ | Теарце | | 0 | 15 | 660,000 | 2 | 497 | 1,073 | **0** | **1,328** | **0** | **1,230** |
| Подрачно “Кирил Пејчиновиќ“ | Лешок | 40 | 76,000 | | 0 | 1 | 11 | 268 | **6,909** | **0** | **284** | **0** |
| Централно “Еќрем Чабеј“ | Слатино | | 0 | 17 | 748,000 | 2 | 560 | 1,799 | **0** | **1,336** | **0** | **832** |
| Подрачно “Еќрем Чабеј“ | Непроштен | 45 | 85,500 | | 0 | 2 | 151 | 556 | **566** | **0** | **308** | **0** |
| Централно “Фаик Коница“ | Доброште | | 0 | 15 | 660,000 | 2 | 434 | 848 | **0** | **1,521** | **0** | **1,557** |
| Подрачно “Фаик Коница“ | Одри | | 0 | 12 | 528,000 | 2 | 305 | 1,309 | **0** | **1,731** | **0** | **807** |
| Централно “Асдрени“ | Глоѓи | 115 | 218,500 | | 0 | 2 | 429 | 1,152 | **509** | **0** | **379** | **0** |
| Централно “Исмаил Ќемали“ | Нераште | 115 | 218,500 | | 0 | 2 | 441 | 872 | **495** | **0** | **501** | **0** |

## Загреана површина во училиштата

| Училиште | Загреана површина | Загреана површина што се користи за образовни цели | Нафта | Дрво | Јаглен | Електрична енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Централно основно училиште "Еќрем Чабеј" - Слатино | 98% | 100% | 100% | | | |
| Централно основно подрачно "Еќрем Чабеј" - Непроштено | 81% | 100% | | 100% | | |
| Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце | 87% | 100% | 90% | 10% | | |
| Подрачно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Лешок | 51% | 92% | | 100% | | |
| Централно основно училиште "Асдрени" – Глоѓи | 65% | 100% | | 100% | | |
| Централно основно училиште "Фаик Коница" – Доброште | 100% | 100% | 100% | | | |
| Подрачно основно училиште "Фаик Коница" - Одри | 100% | 100% | 100% | | | |
| Централно основно училиште "Исмаил Ќемали" - Нераште | 80% | 100% | | 90% | | 10% |

## Трошоци за греење по м2



**Политика и процедури за буџетот за образование**

Врз основа на анализата на буџетот за образование за фискалната година 2006 и 2007, евидентно е дека Општина Теарце комплетно се потпира на наменската дотација што ја обезбедува владата. Со цел да се подобри ситуацијата, неопходно е општината да инвестира во образованието од сопствениот буџет според капацитетот. Исто така, важно е финансиите во образовните институции да се водат од страна на централизиран систем во рамки на општината. Ова ќе овозможи централизирано (единствено) собирање и анализа на финансиските податоци од училиштата и со ова општината ќе има можност да ја скенира финансиската ситуација секогаш кога е потребно.

За да се согледаат подобро потребите за 2007 година и да се анализираат трошоците од претходните години, училиштата од општина Теарце доставија дополнителни информации во прилог на финанскискот план. Оваа практика треба да стане редовна пракса за општината континуирано да има увид колку средства се потребни за образовнието т.е. уште колку средства покрај наменската дотација се потребни за изградба на современо образование во општина Теарце.

Покрај ова општината треба континуирано да ги следи трошоците на училиштата и да прави нивна споредба. Потребно е да се утврдуваат трошоците за одржување по ученик и по м2, целокупните трошоци по ученик и по вработен и други индикатори во зависност од потребите на анализите. Со ова ќе се воспостават нормативи за трошоци и учениците од сите училишта ќе добијат еднаков третман.

# 5 SWOT Анализа

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ▪ Релативно стабилен број на ученици<br>▪ Релативно добри услови на училишните згради<br>▪ Сериозна посветеност на образованието<br>▪ Соработка меѓу директорот на училиштето и општината | ▪ Ниво на образованост на наставниот кадар<br>▪ Возраста на наставниците<br>▪ Училишна опрема (кабинети и училишни библиотеки)<br>▪ Недостиг од наставници по музичко, ликовно, физичко (стручни предмети)<br>▪ Немање опрема во спортските сали<br>▪ Преоптовареност на учениците (предмети, курикулум) |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| ▪ Средно училиште<br>▪ Отворање дневен престој, специјални одделенија<br>▪ Локална стратегија за образование<br>▪ Отворање основно музичко училиште<br>▪ Техничка и финансиска помош од донаторите<br>▪ Реална соработка меѓу општината и Министерството за образование<br>▪ Обука и професионализација на наставниот кадар<br>▪ Целодневни училишни активности (отворање на кујна во училиштето) | ▪ Буџет<br>▪ Државна политика за образование: Министерство за образование и наука |

# 6 МОНИТОРИНГ

За имплементација на Локалната стратегија за образование неопходно е да се имаат алатки кои ќе овозможат евалуација на целокупниот процес за имплементација на програмата. Овие алатки треба да го олеснат сфаќањето за причините кои би можеле да бидат препрека за имплементацијата и треба да се поддржат сите обиди за надминување на тие препреки. Системот за мониторинг треба да биде воспоставен за сите проекти со цел да се идентификуваат проблемите за време на имплементацијата на проектот и да се осигура дека ќе се преземе навремена акција за решавање на проблемите. Овој систем за мониторинг треба да се воспостави уште во иницијалната фаза од спроведувањето на проектот со цел да се осигура планирање на мониторингот и да се добијат основни податоци за ситуацијата пред проектот да може да се споредува со други проекти.

Мониторингот мора да се базира на индикатори кои може да се верификуваат или успешни критериуми за почетните податоци, активностите и излезните резултати. Индикаторите треба да бидат тесно поврзани со стратешките задачи и плановите и активностите. Колку што можно тие исто така треба да бидат:

- *суштински* во релација со специфичните резултати и задачите кои ги мерат;
- *фактички* наместо субјективни;
- *веродостојни* односно валидни за географското подрачје; и
- *изведливи* или базирани на постоечки податоци.

Процесот на мониторинг ги вклучува следниве три фази:

- Иницијална фаза: индикатори за актуелната ситуација пред започнувањето на програмските активности
- Средна фаза: имплементацијата на проектот се споредува со временската рамка.

- Завршна фаза: сите индикатори поврзани со дефинираните цели редовно се пресметуваат и се поднесуваат извештаи до институцијата која го спроведува проектот, а се евалуираат од Комисијата за образование во општината.

Мониторингот треба да биде проследен со воведување на неопходни прилагодувања за проектот со цел да се постигнат максимални ефекти. Мониторингот, исто така, обезбедува вредна документација, што подоцна може да биде инструмент за составување на идните програми. Мониторингот ќе се користи за подготовка на извештаи за евалуација на програмата.

Понатаму, исто така, може да биде одлучено да се направи надворешна евалуација на програмата, но доколку не се стори тоа, треба да се направи интерна *ex-post* евалуација како финална мониторинг активност со цел да се добијат релевантни информации и искуство за идните програми.

Евалуациите можат да се подготват пред почетокот на програмата, во средината или неколку години по завршувањето на програмата, кога би можело да се очекува дека влијанието, барем делумно, ќе биде искристализирано.

# 7 СТРАТЕШКА ЦЕЛ И СТРАТЕШКИ ЗАДАЧИ

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Создавање поволни услови и ефикасни методи за развој на образовниот систем во Општина Теарце и прилагодување на образовната понуда на современото општество.

## ЗАДАЧИ

1. Подобрување на квалитетот на образованието со професионално унапредување на наставниот кадар.

2. Градење капацитети за современо образование преку опремување на училиштата со современа технологија, лаборатории и компјутеризација на училишните библиотеки.

3. Подобрување на училишната инфраструктура и спортските објекти со цел да се подобрат условите за работа и учење.

4. Подобрување на безбедноста на учениците со воспоставување на систем за мониторинг и создавање на мултифункционални училишта преку реализирање на активности за децата, тинејџерите и другите групи на граѓани.

5. Подеднакво вклучување во образованието, поволни услови за интеграција на децата со посебни потреби и организирање на различни форми на образование за родителите.

6. Ефикасно управување со училиштата и училишната мрежа во согласност со демографските промени и создавање централизиран систем за управување со финансиите на образовните институции.

7. Унапредување (подобрување) на соработката меѓу училиштата и родителите.

8. Обезбедување на алтернативи за да се промовира современо средно образование, со прилагодување на потребите на пазарот.

## 7.1 Оперативни задачи, активности и буџет

**Активности**

| **Оперативна задача 1:** Подобрување на квалитетот на образованието | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача:** професионално усовршување на наставниот кадар | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Оценка на актуелната ситуација за професионален развој на наставниот кадар | | | | | MKD 0 |
| 2. | Подготовка на тригодишен план за професионално усовршување на наставниот кадар | | | | | MKD 24.000 |
| 3. | Имплементирање на планот | | | | | MKD 2.000.000 |

| **Оперативна задача 2:** Градење капацитети за современо образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача:** опремување на училиштата со современа технологија, лаборатории и компјутеризација на училишните библиотеки | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Подготовка на долгорочен план за инвестирање во современа опрема во училиштата | | | | | MKD 0 |
| 2. | Елаборација на долгорочниот план за инвестирање како прилог на општинскиот буџет | | | | | MKD 8.000 |
| 3. | Одобрување на инвестицискиот план од страна на Советот на општината | | | | | MKD 0 |
| 4. | Имплементација на планот | | | | | MKD 4.500.000 |

| **Оперативна задача 3:** Подобрување на училишната инфраструктура и спортските објекти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача:** да се подобрат условите за работа и учење | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Подобрување на училишните згради и инвестиции:<br>1. Централно основно училиште "Еќрем Чабеј" - Слатино<br>2. Подрачно "Еќрем Чабеј" - Непроштено<br>3. Централно основно училиште "Фаик Коница" – Доброште<br>4. Централно основно училиште "Асдрени" – Глоѓи<br>5. Централно основно училиште "Исмаил Ќемали" - Нераште<br>6. Централно основно училиште "Кирил Пејчиновиќ" - Теарце<br>7. Подрачно основно училиште "Фаик Коница" - Одри | | | | | MKD 40.000.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оперативна задача 4:** Подобрување на безбедноста на учениците | | | | | | |
| **Подоперативна задача А:** воспоставување на систем за мониторинг | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Оценка на актуелниот систем за мониторинг во секое училиште во општина Теарце | | | | | MKD 0 |
| 2. | Подготовка на план за модернизација и инсталација на безбедносен систем:<br>- огради на краток рок<br>- современа опрема на долг рок | | | | | MKD 200.000 |
| 3. | Имплементација на планот | | | | | MKD 6.500.000 |

**Оперативна задача 4:** Подобрување на безбедноста на учениците

**Подоперативна задача Б:** создавање на мултифункционални училишта преку реализирање на активности за децата, тинејџерите и другите групи на граѓани

| | Задача | Почеток | Завршеток | Засегнати страни | Одговорно лице | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Спроведување анкета за можните алтернативи за слободни активности за децата, тинејџерите и другите групи граѓани | | | | | MKD 30.000 |
| 2. | Подготовка на план за вонучилишни активности | | | | | MKD 12.000 |
| 3. | Имплементација на планот | | | | | MKD 1.500.000 |

**Оперативна задача 5:** Подеднаков пристап до образованието
**Подоперативна задача А:** поволни услови за интеграција на децата со посебни потреби

| | Задача | Почеток | Завршеток | Засегнати страни | Одговорно лице | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање специјални паралелки за децата со посебни потреби | | | | | MKD 150.000 |
| 2. | Подготовка на план за опремување на паралелката | | | | | MKD 1.500.000 |

**Оперативна задача 5:** Подеднаков пристап до образованието
**Подоперативна задача Б:** организирање на различни форми на образование за родителите

| | Задача | Почеток | Завршеток | Засегнати страни | Одговорно лице | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука за родителите на децата со специјални потреби | | | | | MKD 2.100.000 |

| **Оперативна задача 6:** Ефикасно управување со училиштата и училишната мрежа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача А:** во согласност со демографските промени | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Собирање демографски податоци (број на новородени) за секоја година и презентирање на податоците | | | | | MKD 0 |
| 2. | Подготовка на план за оптимизација на училишната мрежа | | | | | MKD 20.000 |
| 3. | Подготовка на документите потребни на општината за затворање на училиштето | | | | | MKD 30.000 |
| 4. | Изработка на план за оптимзиација | | | | | MKD 1.500.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оперативна задача 6:** Ефикасно управување со училиштата и училишната мрежа | | | | | | |
| **Подоперативна задача Б:** создавање централизиран систем за управување со финансиите на образовните институции | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Воспоставување процедури за финансирање на училиштата | | | | | MKD 300.000 |
| 2. | Развивање процедури за финансирање на училиштата | | | | | MKD 300.000 |
| 3. | Подготвување на систем за финансирање во втората фаза на децентрализација | | | | | MKD 350.000 |

| **Оперативна задача 7:** Унапредување (подобрување) на соработката меѓу училиштата и родителите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача:** | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Организирање форуми | | | | | MKD 2.100.000 |
| 2. | Отворање центар за различни форми на образование за родителите од општината | | | | | MKD 900.000 |
| 3. | Создавање систем на соработка меѓу училишните одбори од сите училишта | | | | | MKD 700.000 |

| **Оперативна задача 8:** Обезбедување на алтернативи за да се промовира современо средно образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подоперативна задача:** со прилагодување на потребите на пазарот | | | | | | |
| | **Задача** | **Почеток** | **Завршеток** | **Засегнати страни** | **Одговорно лице** | **Буџет** |
| 1. | Оценка на протребите на пазарот на труд | | | | | MKD 150.000 |
| 2. | Подготовка на план за основање на средно училиште | | | | | MKD 300.000 |
| 3. | Имплементација на планот:<br>-изградба, опрема, наставници, ученици | | | | | MKD 45.000.000 |

# 8 ПРИЛОЗИ

## 8.1 Прилог 1 Пример на прашањата што беа поставени на состаноците со засегнатите страни

| **Беше одлучено да се продискутираат следниве прашања со засегнатите страни:** |
|---|
| • Што треба да стори општината или училиштето за да ги вклучи родителите во активностите на училиштето?<br>• Кои училишни активности би биле од најголем интерес за учениците и на кој начин би се организирале овие активности (пр. спортски, уметнички, поврзани со предметите?<br>• На кој начин училиштето треба да ги пречека и интегрира новите ученици (односно децата од прво одделение)?<br>• Што треба да направат училиштата за да ја подобрат безбедноста на учениците во училиштето (контрола на влезот, поголемо присуство на наставниците во ходниците)?<br>• Како училиштата би требало да им помогнат на учениците што имаат проблеми (дополнителни часови, индивидуална помош од наставниците, соработка со родителите)?<br>• Како општината или училиштето треба да ги поддржи амбициозните ученици (напредни спортски активности, специјализирани училишни клубови во кои би се членувало по часовите)?<br>• Како општината и училиштето треба да се справуваат со поплаките од родителите?<br>• Како да им се помогне на оние што го напуштаат училиштето да одберат ново училиште или идна професија?<br>• Што треба да направи општината или училиштето за да го подобри квалитетот на образованието?<br>• Дали е неопходен топол оброк и на кој начин би се организирало тоа?<br>• Што треба да направат родителите за училиштата?<br>• Каква улога би требало да имаат училишните одбори? |

| **Дополнителни прашања за состанокот со директорите на училиштата:** |
|---|
| • Како да се подобри мотивацијата на наставниците (бонуси, награди, признанија)?<br>• Какви дополнителни обуки/ вештини им се потребни на наставниците?<br>• Како општината треба да ги промовира/евалуира директорите на училиштата?<br>• Како да се подобри почитта кон наставниците?<br>• Каква позиција треба да имаат подрачните училишта?<br>• Кои други функции би требало да ги има училиштето?<br>• Како сакате да управувате со подрачните училишта? |

## 8.2 Прилог 2 Примери за идеите и мислењата на засегнатите страни

**Директори на училиштата**

- Квалитет на образование
- Професионален развој на наставниот кадар: компјутерска обука, странски јазици
- Плати на наставниот кадар
- Вклучување на подрачните училишта во процесот на одлучување
- Третман на подрачните училишта од страна на директорите на училиштата, тимска работа, редовни посети
- Само-евалуација на училиштата

**Родители**

- Соработка меѓу училишниот одбор и родителскиот совет
- Вклучување на родителите во училишните активности
- Вклучување на родителскиот совет во составувањето на наставните планови и програми
- Соработка меѓу училишните тела и родителите
- Подобрување на безбедноста на учениците преку инсталирање на различни видови на технолошка опрема и безбедносни процедури
- Отворање на посебно одделение за учениците со посебни потреби

**Наставници**

- Професионален развој
- Подобри плати, подобри услови за работа
- Опремување на училиштата со наставни помагала
- Промовирање на најдобрите ученици

**Училишен одбор**

- Подобрување на училишната инфраструктура
- Иницирање проекти поврзани со училишните активности и подобрување на условите во училиштата
- Поблиска соработка со другите училишни тела
- Создавање ефикасен метод за управување со училиштата

**Градоначалник**

- Оптимизација на училишната мрежа
- Современо средно образование
- Подобрување на квалитетот на образованието
- Подобрување на условите во училишните објекти
- Подобрување на управувањето со училиштата
- Планирање на развојот и на основното и на средното образование
- Распределба на потребните финансиски средства, вклучувајќи ги финансиските средства што го надминуваат износот на добиената дотација за образование
- Ефективно да управува со училиштата и училишната мрежа
- Прогноза на демографските промени
- Овозможување на сите засегнати страни, особено директорите на училиштата да ги прилагодат своите професионални активности на очекувањата и плановите на основачот на училиштето
- Анализа на пазарот на трудот и локалниот економски развој